РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08 - 122/7
27.09. 2024 год.-viti

ФАКУЛТЕТ ЗА ЕЛЕКТРОТЕХНИКА И ИНФОРМАЦИСКИ ТЕХНОЛОГИИ
СКОПЈЕ
Примено: 03-10-2024

| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| --- | --- | --- | --- |
| 08 | -288 | /15 | |

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.178/21), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 11 седница одржана на 10.09.2024 година, донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**за акредитација на студиската програма "Наменски вградливи компјутерски системи и интернет на нешта", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за електротехника и информациски технологиипри Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма "Наменски вградливи компјутерски системи и интернет на нешта", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за електротехника и информациски технологиипри Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2024/2025 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС кредити и со стручен назив: Магистер по електотехника и информациски технологии од областа на наменски вградливи компјутерски системи и интернет на нешта/во меѓународен промет, стручен, назив: Master of Sciences in Electrical Engineering and Information Technologies in the field of Dedicated Embedded Cumputer Systems and Internet of Things.

Научно - истражувачко подрачје: 2 Техничко-технолошки науки; Научно – истражувачко поле: 212 Компјутерска технологија и информатика, 204 Електроника и автоматизација, 218 Регулатива и управување со технолошки процеси, 224 Телекомуникациско инженеринг, Научно – истражувачка област: 21200 Архитектура на компјутерски системи, 21201 Програмски јазици и технологии, 21202 Информациски системи и мрежи, 21203 Бази на податоци, 21204 Обработка на информации, 21205 Вештачка интелигенција и системи, 21206 Обработка на податоци, 21207 Организација и методологија за компјутер дизајн на системи (хардверски системи, софтвер), 21208 Друго (компјутерски технологии и инженерство)], 20403 Микроелектроника, 20407 Електронски компоненти, 20409 Мерења и инструменти, 20414 Друго (електроника; електрични кола и дигитални обработка на сигнал)21806 Развој на експертски системи, 21807 Компјутерска контрола на сложени индустриски процеси, 21808 Друго (системско инженерство, автоматизација и роботика), 22405 Друго (телекомуникации и информации инженеринг).

4. Бројот на студенти кои можат да бидат запишани во прва година, на наведената студиска програма од точка 1 на ова решение, изнесува 20 студенти.

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената Одлука бр. 02-181/4 од 30.01.2024 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма "Наменски вградливи компјутерски системи и интернет на нешта", втор циклус на академски студии - постдипломски студии (60 ЕКТС) на англиски јазик, на Факултет за електротехника и информациски технологиипри Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје, до Агенцијата за квалитет во високото образование, односно до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање со нивен бр.08-250/3 од 06.02.2024 година (наш бр. 08 - 122/1 од 07.02.2024 година) за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, орган на Агенција за квалитет во високото образование, на 3-та седницата одржана на 10.05.2024 година, формира Стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација, со придружната документација и подготвување на извештај, по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на Стручната комисија, бр. 08-122/6 од 20.09.2024 година, согласно Законот за високо образование*, Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност, Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилник за методологијата, стандардите и постапката за акредитација на високообразовните установи и за акредитација на студиските програми („Службен весник на Република Северна Македонија" бр.256/22), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 11-та седница одржана на 10.09.2024 година,одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател на Одборот за акредитација на високото образование
Проф. д-р Марјан Ѓуровски